РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-7615/12
27.11. 2009 год.
СКОПЈЕ

Државен универзитет "Гоце Делчев"
31.12.2009
1306/1825/5

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08 и 26/09, 83/09 и 99/09) и член 220 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/05 и 110/08), Министерот за образование и наука донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на јавната високообразовна установа Машински факултет, единица во состав на Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на јавната високообразовна установа Машински факултет со седиште во Виница, единица во состав на Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, се обрати до Министерството за образование и наука со барање број 12-7442/1 од 25.09.2009 година за остварување увид во исполнетоста на условите за почеток со работа, на јавната високообразовна установа Машински факултет со седиште во Виница, единица во состав на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на доставеното барање, Министерот за образование и наука со Решение број 12-7615/1 од 30.09.2009 година формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

По извршениот увид, Комисијата достави Извештај број 12-7615/3 од 23.11.2009 година до Министерот за образование и наука за исполнетоста на условите за почеток со работа на Машинскиот факултет во Виница, согласно Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08 и 26/09, 83/09 и 99/09) и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (“Службен весник на Република Македонија” број 33/03).

Заради реализирање на барањето, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ *

**Доставено до:**
- **примач**
- **архива**

изготвил: Нада Атанасовска
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: Агим Рушити